382(497.17:45)„18/19“(091)

Кочо СИДОВСКИ

# ТРГОВСКИТЕ ВРСКИ НА ИТАЛИЈА И МАКЕДОНИЈА ДО 1870 ГОДИНА

Предусловите што постоеле за развитокот на трговските врски на Македонија со другите европски земји можат да се земат предвид и за трговските врски на Македонија со италијанските држави. Овие предуслови се состоеле во тоа што Македонија се наоѓала на крстопатот на различните патишта, а исто така поврзаноста на Солунското пристаниште со линии на разни европски бродарски компани придонесувале за зголемено интересирање за пласирање на разни стоки од италијанските држави во Македонија.

Од друга страна Македонија располагајќи со плодна земја особено во своите средни и јужни делови, поради благата клима под влијание на Средоземното Море, била во можност да одгледува низа земјоделски култури за извоз.

Македонија располагала и со разни рудни богатства кои предизвикувале интерес кај италијанските трговци за увоз во Италија. Сепак треба да се нагласи ниското ниво на нивната експлоатација.

Во XVIII век и во првата половина и средината на XIX век во Македонија се манифестирале нови општествено-политички и културни промени, кои биле условени од економскиот развиток и продирањето на европскиот капитал. Тоа придонело за зголемен развиток на македонското стопанство, на градовите и на собраќајот.

Значењето на Солун е особено големо за развитокот на македонско-италијанските трговски врски. Поврзувањето на Солун со хинтерландот предизвикал значаен стопански подем. Тенденцијата за децентрализација на надворешната трговија на Отоманската империја придонело Солун да добие значајна улога. Покрај Цариград, Солун бил главен центар за цела европска Турција. Со хинтерландот тој опфаќал површина од 85,750

км².[1] Од хинтерландот во Солун биле внесувани земјоделски производи и производи од индустриските култури, кои во поголем дел служеле за извоз. Речиси целата трговија со хинтерландот се одвивала преку Солун. Кога ќе се земеле предвид сите овие околности со право Дорн на едно место наведувал дека „Солун е важно трговско место на Македонците..."[2]

Мал дел од трговската размена меѓу Македонија и Италија се вршеле и преку пристаништето во Кавала а и преку некои други помали пристаништа.

Треба да се истакне дека ако Италија во овој временски период не била оформена како единствена држава, туку разделена на повеќе помали држави, италијанските трговци уште од првите векови на османлиското владеење биле ангажирани во надворешно-трговската размена на Македонија.

Во првата половина на XVIII век и тоа сè до 1743 година, венецијанските трговци заедно со холандските се ставале под заштита на англискиот и францускиот конзулат.

Меѓу другите европски трговци кои во средината и во втората половина на XVIII век учествувале во трговијата со Македонија треба да се исктанат уште трговците од италијанските градови особено од Венеција, Неапол, Ѓенова, Ливорно.

Заради подобро вршење на трговските работи, Неаполското кралство во 1742 година организира пошта, која секој месец по сувоземен пат пренесувала писма и помали пратки од Цариград преку Солун до Драч, а оттаму по море за Неапол, како и во обратен правец.[3]

Отворањето на конзулатите и вице-конзулатите на италијанските држави во Македонија влијаеле на порастот на трговската размена.

Според податоците од Е. В. Цимерман објавени во неговото дело »A political survey of the present stale of Europe«. (Лондон, 1787), од износот преку Солунското пристаниште на Италија ѝ се паѓале 3.000 балиња памук.[4]

Врз основа на статистиката од венецијанскиот конзул Шоидас за 1751 година во износот на македонскиот памук, Венецијанците учествувале со 4000 бали, Ливорно со 600 бали, Ѓенова со 400 бали и Анкона со 300 бали.[5]

Но подоцна венецијанските и ѓеновските трговци биле истиснати во износот на памукот и на другите суровини од Македонија од англиската Левантска компанија, а потоа од Франција и Холандија и подоцна Австрија.

---

[1] Melia Carmelo, Il Commercio e le industria della Macedonia. Bolletino del Ministero degli affari Esteri VIII (1894). (— М.К.С., Бележки за търговията и индустрията на Македония. Из рапорта на Carmelo Melia. Български Преглед II/4 61895), 86—110. Христо Андонов — Полјански, Основите на трговските врски помеѓу Риека и Турција во втората половина на XIX век. — Годишен зборник на Филозофскиот факултет, 15 (1963), 168.

[2] Dorn, Die Seehafen des Weltverkehrs, 102. Op. cit., 168.

[3] Данчо Зографски, op. cit., 33.

[4] Ibidem, 53.

[5] Ibid., 54.

Како што е истакнато погоре, Ѓеновјаните покажувале значителен интерес за Македонија уште од претходните векови. Тоа продолжило и во XVII век. Така францускиот конзул во Солун Де Жонвил во еден свој извештај од 30 јуни 1745 година вели дека: „Ѓеновјаните исто така прават значајна трговија во Солун и им конкурираат на другите држави во трговијата и во караваните. Нивната трговија и нивните каравани се зголемуваат особено почнувајќи од 1745, од времето кога војната помеѓу Франција и Англија ја намали трговијата и караваните со Французите. Од тоа време конзуларните извештаи се полни со поплаки за конкуренцијата на Ѓеновјаните. Ѓеновските капетани ги добиваа своите пасоши од кралот на Двете Сицилии, кој ги имаше издејствувано капитулаците со договорот од 1470 година со Портата и ги користеше според истите привилегии како и другите нации. Домашнте трговци а особено Евреите повеќе ги сакаа ѓеновските и неаполските бродови отколку француските бидејќи превозните услуги ги вршеле поевтино".[6]

Во таа смисла зборува и извештајот на францускиот конзул од истиот град Фугас од 20 јули 1755 година. Тој вели: „Ние гледаме денес во пристаништето многу ѓеновски бродови што биле некогаш под француско знаме и кои можат тоа да го добијат од Англија и Порт-Махон. Овие бродови прават крупна трговија од овде (Солун б.м.) за Ливорно и Ѓенова".[7]

По отворањето на Неаполскиот конзулат во Солун, неаполските бродови во поголем број го посетувале солунското пристаниште а од 1750 година Ѓеновјаните изнесувале преку Солун најмногу загорска свила, а внесувале разна манифактурна стока. Италијанскиот град Ливорно во размената на стоките со Македонија играл посредничка улога, внесувајќи англиски и холандски производи, а особено платно.

Во износот на некои македонски производи ливорниските трговци ефикасно ги конкурирале трговците од Марсеј, така што на пример, вредноста на изенесениот тутун во 1750 година за Ливорно и Сицилија била поголема од вредноста на тутунот што во истата година бил изнесен од Македонија за Марсеј.[8]

Од 1750 година, Ѓеновјаните изнесувале преку Солун најмногу загорска свила за нивните манифактури. Тие вложувале во оваа трговија повеќе од 100.000 пјастри годишно според извештајот на францускиот конзул во Солун — Де Жонвил од 3 јули 1750 година.[9] Според истиот Де Жонвил во еден друг извештај од Солун од 15 ноември 1750 година Ѓеновјаните откупиле свила во количество од 6.000 оки и таа била пренесена со француски бродови.

---

6 N. G. Svoronos, Le commerce de Salonique au XVII^e siecle. Paris 1956, 176.

7 Ibidem.

8 Данчо Зографски, op. cit., 57.

9 N. G. Svoronos, op. cit., 176.

Цената на оваа свила била, во првите години, од 7 до 8 пјастри ока.[10] Во 1749 година таа се зголемила за една половина пјастра; но таа година се покачила до 12 пјастри.[11]

Во истата година од Солун биле изнесени за Ѓенова 1000 бали тутун,[12] и извесни количини аба.

Паралелно со извозот на производи од Македонија за Ѓенова се одвивал и увозот на разни арткли во обратен правец т.е. од Ѓенова за Македонија. Феликс де Божур на крајот на XVIII век пишувал дека воглавно трговијата на производите од свила и кадифе се наоѓало во рацете на Италијанците. „Ниедна манифактурна нација на Европа не можела досега да ги отстрани нив од оваа бранша на индустријата".[13]

Во 1786 година Ѓеновјаните внесле кадифе, ткаенини од свила во вредност од 8.000 пјастри и 2.500 пакети капи во вредност од 22.500 пјастри.[14] Меѓутоа подоцна во 1797 година Ѓеновјаните внесле веќе 30.000 пакети капи во вредност од 200.000 пјастри.[15]

Исто така Ѓеновјаните заедно со Венецијанците биле тие што експортирале големи количини хартија на Исток. Така во 1786 година била внесена хартија од Ѓенова за 7.440 пјастри.[16]

Меѓутоа артиклот што имал многу знаачјно место во увозот од италијанските држави било индигото, суровина за бојадисување. Тоа се продавало на бојаџиите во земјата за бојадисување на волната која слуежла за правење килими, многу ценети за нивните софи. Влезната царина за оваа стока се смалувала за 3% на царинарниците.

На крајот на векот увозот на индигото бил сè позначаен откако неговата цена се намалила за 25%. Така, во 1786 година Ѓенова внесла индиго во вредност од 9.200 пјастри.[17]

Во истата година бил внесен крмез од Ѓенова во вредност од 6980 пјастри.[18]

Треба да се истакне дека и производите од сточарството учествувале во надворешно-трговската размена меѓу Македонија и Ѓенова. Значителен број на сточари-велепоседници воспоставиле трговски врски со Ѓенова, кадешто изнесувале волна преку Солун.

Во 1786 година за Ѓенова биле испратени 474 бали т.е. 62.606 оки во вредност од 20.868 пјастри.

Подоцна во 1797 година според одредени проценки (бидејќи недостасуваат статистички податоци) Ливорно и Ѓенова заедно увезле 1.000 до 1.200 бали волна т.е. 120.000 до 180.000 оки во вредност од 60.000 до 90.000 пјастри.[19]

---

[10] Ока, турска мерка за тежина 1280 грама.
[11] M. Lascaris, Salonique e la fin du XVIII siecle. Athènes 1939, 55.
[12] Ibidem, 52.
[13] N. G. Svoronos, op. cit., 224.
[14] Ibidem, 226.
[15] Ibid., 228.
[16] Id., 229—230.
[17] I. 235.
[19] I., 237.
[19] I., 243.

Значителен дел во увозот на Ѓенова претставувал и памукот. Така во 1786 година таа увезла преку Солунското пристаниште 615 бали т.е. 61.290 оки во вредност од 61.290 пјастри.[20]

Статистиката на Ф. де Божур за 1796 година дозволува да се направи заклучок колкаво било учството на Ѓенова во увозот на памук од Македонија. Во таа година биле внесени за Ѓенова 1.500 бали т.е. 165.000 оки во вредност од 165.000 пјастри.[21]

Во помали количини биле изнесени чаршави и тоа во 1786 година 450 парчиња во вредност од 900 пјастри.[22]

Особено значаен производ што бил изнесуван преку Солунското пристаниште за Ѓенова бил тутунот. Конкретни податоци имаме за 1786 година кога за ова италијанско пристаниште биле изнесени 1669 бали т.е. 137.830 оки во вредност од 68.915 пјастри.[23]

Според пресметувањето на Ф. де Божур од 1797 година за Италија се експедирале најмалку 10.000 балиња тутун и тоа пред сè за Ѓенова, Венеција, Анкона, Месина, Неапол, Ливорно и Милано.[24]

За Ѓенова преку Солунското пристаниште биле испраќани одредени количества жито. Така, според извештајот на Феликс-Божур за трговијата на Солун од 5 ноември 1797 година се вели дека заеднички се испратиле таа година 30 товари жито за Трст, Ливорно и Ѓенова. Вредноста на извезеното жито за Ливорно и Ѓенова ја давала сумата од 400.000 пјастри, а за Трст 200.000 пјастри.[25]

Треба да ги споменеме статистиките на венецијанските конзули во Солун — Шоидас од 8 април 1751 и П. Кох од 12 мај 1762 година, во врска со трговијата меѓу Солун со Ѓенова.

Според Шоидас сликата на извозот на Ѓенова во 1751 година изгледала вака:

| Вид производ | Количество во бали | Поединеч. вредн. во пјастри | Вкупна вред. во пјастри |
|---|---|---|---|
| Памук | 400 | 90 | 36,000 |
| Волна | 250 | 40 | 10,000 |
| Восок | 40 | 300 | 12,000 |
| Тутун | 2,000 | 15 | 30,000 |
| Свила | 80 | 1,500 | 120,000 |
| Вкупно | | | 208,000 п. |

20 I., 247
21 I., 249.
22 I., 256.
23 I., 263.
24 Данчо Зографски, op. cit., 59.
25 M. Lascaris, op. cit., 60.

Според П. Кох за Ливорно и Ѓенова во 1762 година биле изнесени производи во вредност од 200.000 пјастри. Подолу ја наведуваме структурата на изнесените производи:

| | |
|---|---|
| Памук | 3,000 бали |
| Волна | 1,000 бали |
| Восок | 400 бали |
| Тутун | 12,000 бали |
| Палта и покривачи | 400 бали |
| Свила | 12,000 оки.[26] |

Според извештајот на францускиот конзул во Солун Ду Павилон од 15 јануари 1787 година во Солун од Ѓенова биле внесени стоки во вредност од 54.929 пјастри, а биле изнесени од Солун за Ѓенова стоки во вредност од 104.573 пјастри.[27]

Н. Г. Своронос вели дека по Француската буржоаска револуција во 1789 година, опаѓало учеството на Франција во трговската размена со Солун за сметка на другите држави. Така, во овој период Ѓенова внесла во Солун 16.451 ока кафе; 3.559 оки шеќер и 210 пакети капи.[28]

Во почетокот на XIX век продолжиле трговската размена на Македонија со Ѓенова, која во најголем обем се вршела преку Солунското пристаниште. Меѓутоа, до овој момент не располагаме со некои поконкретни податоци. Ќе го споменеме само тоа дека во еден свој извештај за прегледот на Солун во 1817 година Феликс де Божур вели дека вредноста на трговските операции што ги вршела Ѓенова со Солун изнесувале 3.000.000 пјастри, што не била мала сума ако се земе предвид дека во тој период само Германците имале обрт во трговските операции со Солун од 5.000.000 пјастри и биле на прво место, второто го држеле Ѓеновјаните, а Французите имале само 1.300.000 пјастри.[29]

Во средината на XIX век поточно во 1851 година било внесено од Ѓенова во Македонија кафе „Рио“, кое секако било транзит од други земји. Заедно со кафето од Марсеј, Трст и Смирна сочинувале вкупно увоз од 5.000 вреќи во вредност од 200.000 гулдени.[30]

Во оваа иста година била внесена хартија од Ѓенова што заедно со хартијата од Трст и Марсеј сочинувала 10.000 топови во вредност од 15,000 гулдени.[31]

Освен преку Солунското пристаниште трговијата на италијнските држави со Македонија се одвивала и преку други пристаништа. Така, преку пристаништето во Кавала во 1851 го-

---

26 N. G. Svoronos, op. cit.. 315.
27 Ibidem, 317.
28 Ibid., 322.
29 Id., 321.
30 Данчо Зографски, op. cit., 356.
31 Ibidem.

дина во износот на македонскиот тутун Сардинија и Тоскана учествувале со по 1.000 балиња, при што тежината на едно бале изнесувала околу 100 оки.

Во истата 1851 година пристаништето во Драч било посетено од 6 сардински бродови со 825 тони; со увоз од 41.000, извоз од 50.000 — вкупно 91.000.

Треба да се спомене дека овде се даваат податоци за Драчкото пристаниште поради тоа што тоа имале особено големо значење за трговската размена на Западна Македонија со Италија и Австрија.[32]

Размената на Македонија со Италија била регистрирана и од страна на конзулите од другите земји покрај оние од италијанските држави. Така на пр. белгискиот конзул во Солун Л. Карбонери во својот извештај испратен од Солун на 31 декември 1863 година вели дека дотогаш (31.XI 1863) за Италија биле испратени 5000 бали памук (1 бала 50 оки памук).[33]

Според податоците што ги содржел еден конзулски извештај за трговскиот промет на Румелија (со називот „Румелија" овдека било означено главно подрачјето на Битолскиот вилает) во 1865 година вкупната вредност на внесената стока од странство ја достигнала приближно сумата од 2.100.000 гулдени, од која поголем дел се однесувала на стоката што била внесена од Англија.

Додека пак учеството на Италија во вносот на стоки од ова подрачје може да се види од податокот дека: вредноста на внесената стока во австриски гулдени изнесувала само 60.000 гулдени.[34]

| | Внос во франкови | Износ во франкови |
|---|---|---|
| 1868 | 203,000 | 4,989,000 |
| 1869 | 123,000 | 2,558,000 |
| 1870 | 197,000 | 1,152,000 |

Од горенаведеното може да се извлече заклучок дека Италија имала сосема мал внос во Македонија, додека во износот на производи и суровини нејзиното учество било многу поголемо.[35]

Од гореизложеното, што се однесува до прашањето за политичките и трговските врски на Италија со Македонија до 1870 год. т.е. до обединувањето на Италија, може да се констатира дека и покрај непостоењето на единствена — обединета италијанска држава, сепак постоеле раширени трговски

[32] Данчо Зографски, 356—358.

[33] Александар Матковски и Поликсена Ангелакова, Извештаи на белгиските конзули испраќани од Солун (Од 13.IV 1859 до 8 август 1871 г.). Гласник на ИНИ (Скопје) XV/3 (1971), 236.

[34] Данчо Зографски, 361—362.

[35] Ibidem, 364—365.

врски меѓу Италија и Македонија во рамките на трговијата меѓу Италија и Отоманската империја. Обединувањето на Италија позитивно се одразило врз развитокот на трговските врски на Италија со Македонија. За проширување на овие врски придонес секако давала и Македонија, која преку своите суровини што се изнесувале во Италија придонесувала за подемот на италијанското стопанство. Во споменатиот период се констатирани и политички врски меѓу Македонија и Италија, кои во поедини фази од историскиот развиток биле со различен интензитет.

Kočo Sidovski

## THE TRADE RELATIONS OF ITALY AND MACEDONIA UP TO 1870


### Summary

The relations between Macedonia and Italy have been dating from older times. There are data since the antique period between the Emperor's Rome and Macedonia. They went on in the further period when in the trade trafic between Macedonia and Italy merchants from all bigger Italian centres from Venice to Sicily have taken part. From Macedonia to Italy through the Salonica port have been exported mainly industrial and food processing products, and on the other hand different manufactured products have been imported. Relations have been existed even on a political aspect. The Macedonians used to reguire aid from Italy against the Ottoman occupiers. Some of them even took part in the struggle of the Italian people for national liberation, as is the case for instance with Gjeorgji Kapčev, who became a close friend of the Italian revolutionary Gjuzepe Garibaldi.